# ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ-РЕСИС СКОПЈЕ

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 Декември 2019 година и Извештај на независниот ревизор

Скопје, Март 2020 година

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
## ДО РАКОВОДСТВОТО НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ-РЕСИС СКОПЈЕ

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 5 – 18)

на Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС Скопје (во понатамошниот текст: Институтот), кои се состојат од билансот на состојбата на ден 31 декември 2019 година и билансот на приходите и расходите и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи***

Раководството на Институтот е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Институтот со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Институтот. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.



+389 02 3133 999, +389 71 400 368
Октомвриска Револуција 19/3-6, Куманово
Подружница: Васил Ѓорѓов 20/1-7, Скопје
contact@revizijastojchevski.com
www.revizijastojchevski.com

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжение)**
**ДО РАКОВОДСТВОТО НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ-РЕСИС СКОПЈЕ**

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС Скопје на ден 31 декември 2019 година и резултатите од работењето за годината што тогаш завршува, во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации.

***Извештај за усогласеност со потпишан договор за донација***

Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС Скопје има склучено договори со повеќе донатори, меѓу кои е и договор со Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) и тоа: Договор за институционален грант ЦИВИКА МОБИЛИТАС со број ЦМ-ИНС -04- 11-186/1-2019 од 05.07.2019година .
Во договорот се специфицирани обврските на корисникот на средствата.

***Мислење***

Според нашето мислење, Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС Скопје ги користел средствата од институционалниот грант финансиран од Цивика мобилитас за периодот 01.07.2019-31.12.2019 во согласност со одредбите на потпишаниот договор.

09.03.2020 година

Ревизија Стојчевски

Надица Стојчевска
Директор

Надица Стојчевска
Овластен ревизор



+389 02 3133 999, +389 71 400 368
Октомвриска Револуција 19/3-6, Куманово
Подружница: Васил Ѓорѓов 20/1-7, Скопје
contact@revizijastojchevski.com
www.revizijastojchevski.com